**Записник од работилници одржани на**
**30.11.2011 и 07.12.2011 година на тема**
**"GS1 DataBar-от и неговото место во GS1 системот на стандарди "**

GS1 Македонија како национална членка на Мегународната GS1 организација (Global Standard One), со седиште во Брисел е обврзана да го усогласи своето работење со актите , правилата и стратегиските цели на GS1, што меѓу другото подразбира и имплементирање на GS1 стандардите во сите сектори на Република Македонија. Токму затоа GS1 Македонија во рамките на своите развојни активности, а со цел да на своите членки им ги предочи бенефитите од користење на GS1 системот на 31.11.2011 и 07.12.2011 година во просториите на GS1 Македонија, со почеток во 12:00 часот одржа едукативни работилници на тема **"GS1 DataBar-от и неговото место во GS1 системот на стандарди "**.Работилниците беа наменети исклучиво за членките на GS1 Македонија од месната и млечната индустрија бидејки GS1 DataBar-от е идентификационен клуч наменет за производи со променлива мера. На работилниците свое претставување и комплетно практично генерирање на DataBar-от во еден производствен систем имаше и информатичката куќа СИГМА-СМ од Скопје.

На работотилницата одржана на 30.11.2011 и наменета за членки од месната индустрија активно учество зедоа претставници од: Жито Вардар АД, Метро АД, Промес ДОО, ИМП Солета ДОО, МИК Свети Николе, Римес ДОО, Гроздановски ДООЕЛ, Мега ДООЕЛ, Љецкер ДООЕЛ и МИС Глобус.

На работотилницата одржана на 07.12.2011 и наменета за членки од млечната индустрија активно учество зедоа претставници од: Млекара АД Битола, Бучен козјак ДООЕЛ, Млекара Здравје Радово ДОО, Црниче комерц ДООЕЛ, Рудине ММ ДОО, Јого меркур ДООЕЛ, Олми ДОО, Јока ДООЕЛ и Хит 73 ДОО.

Целта на одржаните работилници беше да се даде целосен приказ на DataBar-от, баркод од новата генерација баркодови, како носител на податоци и бенефитите од неговата примена низ дистрибутивниот синџир. Низ едукацијата за DataBar-от GS1 Македонија имаше за цел да навремено ги информира своите членки од месната и млечната индустрија за светските трендови во работењето. Со инплементирањето на DataBar-от членките побрзо би ги реализирале барањата кои ги поставува глобалниот пазар и конкуренцијата.

Работилниците тематски беа поделени на 2 (два) дела: теоретски и практичен.

Во првиод дел низ презентација беа опфатени следните содржини:

- GS1 Систем на стандарди
- GS1 Идентификациони клучеви (GTIN, GLN, SSCC, GS1-128 со сите AI)
- GS1 Логистичка етикета

Од страна на GS1 Македонија беше презентирано што претставува GS1 систамот на стандарди и кој се бенифитите од неговото користење. Бидејќи во основа на GS1 системот е идентификацијата беше даден краток осврт на идентификационите клучеви GTIN, GLN, со посебен акцент на GS1-128 со сите AI како и за SSCC како задолжително обележје на една GS1 Логистичка етикета.

Во вториот дел низ презентација беа опфатени следните содржини:

- GS1 DataBar- баркод на иднината кај производи со променлива мера.
- Информатичките системи основа за воведување на DataBar и практична примена на генерирање на GS1-128, GS1-SSCC и GS1 DataBar-от.

Во вториот дел од работилниците од страна на GS1 Македонија учесниците беа информирани дека Генералното собрание на GS1 го одреди 01 јануари 2014 за датум кога сите малопродажни места ќе бидат прилагодени за читање на DataBar симбологијата. Беше истакнато дека во изминатата 2011 година употребата на DataBar-от доживеа експанзија со неочекувано позитивни резултати во земјите од Европската Унија и САД. Една од целите на овие работилници беше да членките на GS1 Македонија бидат навремено запознаени со светските трендови при обележување на производите кои циркулираат низ дистрибутивниот синџир.Пред учесниците беа презентирани основните својства на DataBar-от и тоа: можност за запишување на повеќе информации во еден симбол и на помал простор, тој дава поголема сигурност и точност со што се обезбедува комплетна следливост на производот како и контрола на калото.Од фамилијата DataBar посебен осврт беше даден на DataBar Expabded Stacked и на неговата структура. DataBar Expabded Stacked освен основниот GTIN во себе може да носи дополнителни информации како : нето тежина, дата употребливо до, лот број, серија, цена , земја на потекло и друго, кои атрибути се дефинираат со помош на GS1 апликаторите. Овој баркод наиде на широка употреба кај производите со променлива тежина односно во млечната и месната индустрија и кај овошјето и зеленчукот.Бенефитите од неговото користење се многубројни: поефикасно управување со производите во пократок рок, управување со залихите во "реално време", можност за брзо повлекување на производ при евентуална грешка, поголема сигурност на потрошувачот, контрола на кало, комплетна следливост и најважно со помош на DataBar-от се олеснува синхрозизацијата на податоците. Пред присутните беше прикажан и краток филм за имплементирањето на DataBar-от и искуствата на колегите од GS1 Франција.

Вториот дел од работилницата беше збогатен со учеството на информатичката куќа СИГМА-СМ од Скопје , членка на GS1 Македонија како подржувач на GS1 системот. Г-дин Славчо Бујаровски најнапред ја претстави Сигма-СБ и нејзиното работење. Сигма-СБ работи апликативни софтвери односно поседува алатки и решенија со кои се постигнува комплетна следливост како интерната- од влез на суровина до излез на готов производ, така и екстерна следливост усогласена со GS1 стандардите. Г-дин Славчо потенцираше:"Екстерната следливост подлежи на меѓународни стандарди кои обезбедуваат ефикасност низ дистрибутивниот синџир почнувајки од производителите, дистрибутерите до малопродажбата. Сите учесници во тој синџир мора да ги применуваат GS1 стандардите". Имено сите софтверски решенија за следливост на Сигма-СБ се усогласени според GS1 стандардите. Како потврда на неговото излагање г-дин Славчо на импровизиран систем, компјутер на кој е поставен софтвер поврзан со вага за мерење и штампач на етикети, демонстрираше конкретно генерирање на DataBar-от и потоа по повеќе мерења на различни парчиња генерирање на GS1-128 за означување на транспортно пакување како збир од претходните мерења. На крај прикажа генерирање на SSCC како задолжителен дел на една Логистичка етикета. Всушност на работилниците беше прикажано како екстерната следливост е решена во Промес ДОО месна индустрија и во моментов истото се имплементира и во ИМП Солета, исто така месна индустрија. Присутните имаа можност и преку читачи, рачни компјутери, да генерираните DataBar, GS1-128 і SSCC ги прочитаат како информации и како тоа се пресликува во база на податоци.

Во текот на одржување на работилниците присутните покажаа голем интерес за темата со нивно вклучување со одредени коментари и поставување на дополнителни прашања.. Самите работилници беа осмислени да бидат интерактивни и таа цел е постигната. Начелно сите се сложија да во структурата на DataBar-от која би требало да ја генерираат во иднина освен GTIN-от треба задолжително да се содржи и грамажа, дата употребливо до и лот број, како атрибути, а за цена останаа со став и одредена резерва дека за ова треба да се дискутира со сите ланци на големи маркети и да се договори со нив дали и цената да влезе во структурата. GS1 Македонија како обврска зема да организира средба помеѓу производителите од месната и млечната индустрија и големите маркети и тоа да биде како еден пилот проект за наредната 2012 година.

Присутните побараа од GS1 Македонија да направи одредени обуки и на инспекторите од Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ бидејки сметаат дека на тој начин при контролите што им се прават на НАССАП-от би имале помалку проблеми. Компании кои го имаат интегрирано НАССАП-от во информатички систем во самото производство имаат следливост по дефиницијата на GS1 стандардите и ова треба да и се посочи на Агенцијата на храна и ветеринарство. Од страна на GS1 Македонија беше изложено дека во изминатата 2011 имаа одлична комуникација и разбирање со Агенцијата за

храна и ветеринарсво и дека таа соработка во 2012 ќе продолжи уште повеке со планирани обуки на иснспекторите. На тој начин се надеваме дека ќе им помогнеме на членките.

Сите присутни изразија задоволство што се организираа ваков тип на интерактивни работилници, бидејќи работилниците се одлична можност за споделување на мегусебни искуства, најдобри примери на практична примена на GS1 стандардите, навремено информирање за новите светски трендови како и можност за разговор за клучните проблеми во областа на менаџирањето со синџирот на снабдување (Supply Chain Management), како и за спроведувањето на процесот на следливоста (Traceability) во сите сегменти на работењето. Од средбите GS1 Македонија очекува да се роди нов Пилот проект посветен на DataBar-от во 2012 година и ова би бил моделот на взаемно делување на GS1 Македонија со своите фирми -членки во насока на зголемување на користењето на баркодовите и правилното спроведувањето на GS1 стандардите во Република Македонија.

Работилниците завршија во 15:00 часот.